**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА**
**И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ**
**Република Македонија**

**З А П И С Н И К бр.1**
**од**
**Преговори за добивање на дозвола за усогласување со оперативен план, помеѓу МЖСПП и СИЛМАК**

прв состанок , 07.05.2008 год. простории во МЖСПП, почеток 12.00 ч.

## Присутни:

**Тим за преговарање на МЖСПП:**

- Миле Јакимовски, директор на Управата за животна средина,
- Назим Алити, раководител на одделението за интегрирано спречување и контрола на загадувањето,
- Лендита Дика, државен советник за индустриско загадување и управување со ризик,
- Ана Каранфилова-Мазнева, државен советник за животна средина,
- Тодор Ѓоргов, државен советник за правни работи,
- Марионка Виларова, помошник раководител на Македонски информативен центар за животна средина,
- Алмина Хаџија, самостоен референт во Сектор за просторно планирање-записничар,

**Тим за преговарање на СИЛМАК:**

- Борко Андреев, соработник и координатор на проектот, претседател на тимот
- Срећко Исаевски, менаџер на ЕКОМАК
- Борис Анчевски, раководител на пречистителна станица
- Бесник Абдулаи, менаџер во производство

Првиот состанок на тимовите за преговарање го отвори г-дин Јакимовски кој даде предлог план за работата на тимот за преговори и накратко го опиша досегашното искуство за издавање на А- еколошка дозвола за усогласување со оперативен план. По претставувањето на тимовите се одлучи да Активностите од оперативниот план се разгледуваат по медиуми одделно.
После разгледувањето на Активностите од општите проблеми се помина во разгледувањето на Активностите што се поврзани со воздухот

ул. Дрезденска бр. 52, 1000 Скопје тел. 02 30 66 930, тел/факс 02 30 66 931
e-mail: infoeko@moe.gov.mk web: www.moepp.gov.mk

Бидејќи активностите кои се дадени во оперативниот план не се редени според одделните медиуми, се одлучи да овие активности се реализираат по следниот редослед.

**Активност бр.1: Систем за управување со животна средина**
Преговарачките тимови постигнаа договор по барање на Силмак да се пролонгираат датумите за точката 2 почетокот на реализација на оваа точка да биде од 01.07.2008, а датата на завршување на активноста на 31.12.2009 год. Описот на активноста е прифатлив од двете страни, и останува ист.

**Активност бр.2: План за мониторинг**
По барање на Силмак се пролонгира датата на отпочнување на ова активност, реализацијата да почне од 01.07.2008 год. Да заврши на 31.12.2008 год. Од страна на МЖСПП е предложено да се соработува со информативниот центар при МЖСПП од страна на Силмак, за определување на параметрите за вршење на мониторингот по Европска регулатива.

**Активност бр.3: План за престанокот со работа и управување со остатоците**
По предлог на Силмак се пролонгира датумот за отпочнување на реализација на ова актвиност од 01.07.2008 год, додека да заврши во 30.06.2010, истата е прифатена. Побарано е од МЖСПП да се прават предвидувања за санација, и инсталација, во соработка со информативниот центар Силмак да изготват извештаи на секои три месеци, а потоа на една година, за трите ситуации.
Медиумите се опфаќат, во точката 8 да се преуреди текстот.

**Активност бр.4: Мерач на ветер ( ветроказ )**
По барање на Силмак предвидената дата за отпочнување на реализација на ова активност да се пролонгира од 01.07.2008 год, додека дата на завршување 30.09.2008 год. Предлогот е прифатен од страна на МЖСПП, предложено е да се набават инструменти за мерење на ветерот и истите да бидат измерени од Силмак. Други забелешки нема за ова активност.

**Активност бр.5: Поставување на мониторинг станица за амбиентален воздух**
По предлог на Силмак се пролонгира датумот за отпочнување на ова активност : Реализацијата ќе почне од 01.07.2008 год, ќе заврши во 01.07.2009 год. Оставено е да точките 5 и 4 да се регулираат од страна на МЖСПП. Предложено е од МЖСПП да се вршат мерења на системот од страна на Силмак, и вредноста на инвестицијата да изнесува 100 000 Евра.

**Активност бр.6: Проектирање и изградба на систем за отпрашување на излезните гасови**
По барање на Силмак се менува датата за отпочнување на ова активност, почнува со реализација на 01.07.2008 год, завршува на 30.06.2013 год. Од МЖСПП е предложено да се изменат параметрите.Предложено е од МЖСПП да се достават извештаи за загадување со прашина од отпадните гасови на секои 6 месеци, и извештај за напредувањето во поставувањето на филтрите.

**Активност бр.7: Модел за дисперзија на воздухот**
По предлог на Силмак се пролонгира датата за отпочнување на ова активност : реализацијата ќе почне од 01.07.2009 год ќе заврши на 30.06.2010 год. Ова активност останува да се среди од страна на Силмак.
Во првиот состанок се разгледуваа активностите поврзани со мониторингот на воздухот, за следниот состанок е предвидено да се разгледат активностите во врска со отпад и депонии.

**Активност бр.8: Изработка на проект за намалување на протокот на излезните гасови од печките**
По предлог на Силмак се пролонгира датата за отпочнување на ова активност : реализацијата ќе почне од 01.07.2008 год ќе заврши на 30.06.2009 год.
Ова активност се одлучи да се разгледува на крајот, кога ќе се завршува со разгледувањето на другите активности.

**Активност бр.9: Програма за идентификација и намалување на фугитивни емисии**
По предлог на Силмак се пролонгира датата за отпочнување на ова активност : реализацијата ќе почне од 01.07.2008 год, ќе заврши во 31.12.2009 год. Во врска со точките 4 и 5 вредностите на емисиите да се одредат со пресметки. Во точката 6 да се обезбедат услови за намалување на фугитивните емисии според програмата, и да се доставаат извештаи од мониторингот на секои шест месеци.
**Активност бр.10: Патна мрежа и паркинг**
По предлог на Силмак се пролонгира датата за отпочнување на ова активност : реализацијата ќе почне од 01.10.2009 год, ќе заврши на 31.03.2010 год.
Во врска со точките 4 и 5 вредностите на емисиите да се одредат со пресметки.

Состанокот заврши во 14:30 часот.

**Идниот состанок се закажува за 09.05.2008 год. Во 11 часот.**

Записничар:
Алмина Хаџија

Потпишување на учесниците на преговорите:
1. Миле Јакимовски______________________
2. Назим Алити ______________________
3. Лендита Дика ______________________
4. Ана К. Мазневска ____________________
5. Тодор Ѓоргов ________________________
6. Маријонка Виларова __________________
7. Борко Андреев _______________________
8. Среќко Исаевски _____________________
9. Борис Анчевски ______________________
10. Бесник Абдулаи ______________________